Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-938/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 9^{та} седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година

Член 1

Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година бр.08-3366/1 од 29.12.2025 година („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број.4/2025) се менува така што:

Член 2

Во член 10 став 2 од Одлуката, коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот од „2,08“ се менува со „1,90“,.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-939/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р